ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-224/01
26.06 201 8 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РМ (ИОРРМ), Надзорниот одбор на ИОРРМ на седницата одржана на ден 25.06.2018 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

За продолжување на мандатот на членовите на органи на ИОРРМ

1. На членовите на органите на ИОРРМ на кои мандатот им истекува на 01 јули 2018 година, мандатот им се продолжува до одржување на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ, кога ќе бидат спроведени избори на членови на органите и комисиите на ИОРРМ.

2. Членовите на органите на ИОРРМ на кои мандатот им истекува на 01 јули 2018 година, се наведени во Прилог 1 кон оваа Одлука.

3. Одлуката за продолжување на мандатот на лицата од точка 2 на оваа Одлука, се потврдува на првата наредна седница на Собранието на ИОРРМ.

4. Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

**Кристина Тилиќ,**
Претседател на Надзорен одбор

*Образложение*

*Одлуката за продолжување на мандатот на членовите на органите на ИОРРМ се носи заради обезбедување на непречено функционирање на органите на ИОРРМ во периодот до одржување на следната седница на Собранието на ИОРРМ. Надзорниот одбор беше известен дека Управниот одбор го одложи терминот за одржување на седницата на Собранието во септември 2018 година заради обезбедување присуство на поголем број членови на ИОРРМ, со оглед што јули е период кога се користат годишни одмори, и за да се овозможи добивање на мислење од СУНРРМ пред доставување на Статутот до Собранието за усвојување, со можност по добивање на мислењето да се изготват и други акти на ИОРРМ каде што се потребни усогласувања со Законот за ревизија, а кои ги усвојува Собранието на ИОРРМ.*

# ПРИЛОГ 1

## Претседател на ИОРРМ (истовремено е претседател на Управен одбор и Собранието на ИОРРМ)

1. **Борислав Атанасовски**

## Управен одбор

2. **Борислав Атанасовски**
3. **Антонио Велјанов**
4. **Љубе Ѓорѓиевски**
5. **Душко Апостоловски**
6. **Александар Аризанов**

## Надзорен одбор

1. **Кристина Тилиќ**
2. **Стамен Стојаноски**
3. **Јорданчо Којзаклиев**